Врз основа на член 73 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* (Службен весник на РСМ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка (Службен весник на РМ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови (Службен весник на РСМ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 април 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на АЕЛ-ЧЕЛИК ДООЕЛ ОРИЗАРИ УП2 09-68/26 од 5 февруари 2026 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1159429415 од 31.12.2025 за период 01.12.2025-31.12.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ УВАЖУВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1159429415 од 31.12.2025 за период 01.12.2025-31.12.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОНИШТУВА.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје да издаде нова Фактура за испорачана електрична енергија во која:

   - за периодот од 01.09.2024 година до 31.12.2025 година, за кој постојат точни, проверливи и сигурни податоци за потрошувачката на електрична енергија, потребно е фактурирањето да се изврши исклучиво врз основа на реално евидентираната потрошувачка за овој временски интервал, и со цените и тарифите што биле во сила во моментот на потрошувачката.
   - за периодот од датумот на претпоследното читање на мерниот уред со физичко присуство на читач до 31.08.2024 година за кој недостасуваат реални податоци за потрошувачката, преостанатиот дел од потрошената електрична енергија да:
     - се распредели рамномерно по целиот временски интервал на овој период, и
     - да се фактурира со цените и тарифите кои биле важечки во соодветните периоди.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

АЕЛ-ЧЕЛИК ДООЕЛ ОРИЗАРИ до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-68/26 од 5 февруари 2026 година

против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1159429415 од 31.12.2025 за период 01.12.2025-31.12.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје (во понатамошниот текст: ЕВН ХОМЕ), конкретно против висината на износот.

Според ЕВН ХОМЕ - за мерното место 000000062683, во приговараната фактура 1159429415 за период 01.12.2025-31.12.2025 година се фактурирани податоци од броило 54777781 за период од 01.12.2025-09.12.2025г. (кое е демонтирано на 09.12.2025г), и податоци од броилото 81960902 (кое е ново монтирано) за период 10.12.2025-31.12.2025.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 17 февруари 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-68/26 од 5 февруари 2026 година со прилог:

- Фактура 1136171622 од 31.10.2023 за период 01.10.2023-31.10.2023
- Приговараната фактура
- Фактури за испорачана електрична енергија за мај 2025, јануари-ноември 2025, година, септември-декември 2024 година
- Приговараната фактура
- Фактура за активирање на одјавено директно броило

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 13 февруари 2026 со прилог:

- Извештаи за отчитани состојби на броилото

Видно од документациајта е дека во висока тарифа е фактурирана потрошена активна електрична енергија со почетна состојба од 190.960 kWh до крајна состојба 852.32 kWh.

Во ниска тарифа е фактурирана потрошена активна електрична енергија со почетна состојба од 53.040 kWh до крајна состојба 92.58 kWh.

Потоа, потрошувачот ја има доставено фактурата 1136171622 за период 10/2023, кадешто јасно се гледаат идентични почетни и крајни состојби: ВТ 190.96 kWh и НТ 53.04 kWh

Од документацијата на ЕВН ХОМЕ јасно произлегува дека истите состојби (190.96 kWh и 53.04 kWh) постоеле уште во октомври 2023 година.

Следно, во однос на фактурата 1159001137 за период 01.01.2025–30.11.2025, во оваа фактура ЕВН ХОМЕ има пресметано фактор на моќност (максиграф), а од извештајот за отчитани состојби јасно се гледаат податоци за активна енергија, реактивна енергија и моќност од месец 09/2024.

На седницата се заклучи ЕВН ХОМЕ да достави информација за следните прашања:

1. Дали количина на потрошена енергија во приговараната фактура претставува месечна потрошувачка за месец декември 2025 или се работи за акумулирана потрошувачка за повеќе години,

2. Зошто е пресметана моќност (максиграф) за периодот 01.09.2024-30.11.2025 и

3. Зошто селективно се пресметани само одредени тарифни компоненти, наместо да се пресметуваат сите согласно постоечката методологија?

На 8 април беше одговорено следното:

1. Во фактурата со број 1159429415 за 12/2025 е фактурираnta потрошена електрична енергија, акумулирана потрошувачка за повеќе години;

2. За нефактуриран максиграф изготвени се доплати, фактури број 1159001137 за период 01.01.2025-30.11.2025 и 1159001124 за период 01.09.2024-31.12.2024 година;

3. Во редовните фактури за период 01.09.2024-31.12.2025, се фактурирани останатите пресметковни елементи, надомест за пристап на електродистрибутивниот систем и комунална такса за јавно осветлување.

На 20 април 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имено, за периодот од 01.09.2024 година до 31.12.2025 година, за кој постојат точни, проверливи и сигурни податоци за потрошувачката на електрична енергија, потребно е фактурирањето да се изврши исклучиво врз основа на реално евидентираната потрошувачка за овој временски интервал, и со цените и тарифите што биле во сила во моментот на потрошувачката.

За периодот од датумот на претпоследното читање на мерниот уред со физичко присуство на читач до 31.08.2024 година за кој недостасуваат реални податоци за потрошувачката, преостанатиот дел од потрошената електрична енергија да:

- се распредели рамномерно по целиот временски интервал на овој период, и
- да се фактурира со цените и тарифите кои биле важечки во соодветните периоди.

Имајќи го предвид горенаведеното се  одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–68/26**
**27 април 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**